АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-5594/4
03.06.2020 година

Врз основа на член 47 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 89-та редовна седница одржана на ден 03.06.2020 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за измени и дополнувања на Посебните услови за семејно приватно здравствено осигурување

(1) Се вршат измени и дополнувања на Посебните услови за семејно приватно здравствено осигурување, и тоа:

**1. Во членот 22:**

**1.1.** Во првиот став се брише зборот „одредени";

**1.2.** Во третиот став, во првата реченица зборовите „како на пример" се заменуваат со зборовите, „без оглед на резултатите од прегледот, односно од утврдената дијагноза" и се бришат точките од 1 до 8;

**1.3.** Четвртиот став се брише;

**1.4.** Во петиот став (сега четврти став) по зборот „лекови" се додаваат зборовите „ и медицински средства (помагала) ", се бришат зборовите „превентивните или", а на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „ превентивни или медицински индицирани."

**1.5.** Се додава нов петти став, со следниот текст и содржина:

„(5) Кај овој ризик не се применуваат одредбите за исклучување на обврските на осигурувачот од членот 34 и членот 35 став (1), освен точка 9, за прегледи во врска со бременост и породување, кои секако се исклучени и од овој ризик. "

**2. Во членот 25, во третиот став,** по зборот „ терапија" сврзикот „и" се заменува со запирка, а по зборот „лекови" се додаваат зборовите „ и медицински средства (помагала)".

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Посебните услови за семејно приватно здравствено осигурување

(3) Одлуката да се достави до Надзорниот одбор на Друштвото за одобрување на првата седница што следи.

(4) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од истиот ден.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*М-р Марија Томеска*